**Прва детска амбасада во светот**
**Меѓаши**

# Финансиски извештаи
За годината завршена на 31
декември 2006 година

# Содржина

Извештај на ревизорот

Финансиски извештаи

| | |
|---|---|
| Биланс на приходи и расходи | 1 |
| Биланс на состојба | 2 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 3 |

КПМГ Македонија д.о.о.
Ул. „Даме Груев" бр.28, 4ти кат
Скопје 1000
Република Македонија

тел: + 389 (2) 3135 220
факс: + 389 (2) 3111 811
е-пошта: kpmg@kpmg.com.mk
www. kpmg.com.mk

## Извештај на ревизорот до основачите на Прва детска амбасада во светот Меѓаши

Извршивме ревизија на придружните финансиски извештаи на Прва детска амбасада во светот Меѓаши ("Организацијата") кои се состојат од биланс на состојба на 31 декември 2006 година, и биланс на приходи и расходи за годината тогаш завршена, како и осврт на значајните сметководствени политики и останатите белешки кон финансиските извештаи.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството на Организацијата е одговорно за изготвување и реално прикажување на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации. Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементирање и одржување на систем на интерни контроли соодветни за изготвување и реално прикажување на финансиски извештаи кои не содржат материјално значајни грешки, било да се резултат на измама или ненамерно направени грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики и правење на сметководствени проценки кои се разумни на соодветните околности.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да искажеме мнение за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Овие стандарди изискуваат да се придржуваме на релевантните етички стандарди и да ја планираме и да ја извршиме ревизијата со цел да се здобиеме со разумна увереност дека финансиските извештаи не содржат материјално значајни грешки.

Ревизијата вклучува спроведување на процедури за добивање на ревизорски докази за износите и образложенијата во финансиските извештаи. Избраните процедури зависат од нашите проценки, вклучувајќи ги и проценките на ризиците за значајни грешки во финансиските извештаи како резултат на измама или ненамерно направени грешки. Во проценувањето на овие ризици, ги разгледавме соодветните интерни контроли воспоставени во Организацијата за изготвување и реално прикажување на финансиските извештаи со цел да дизајнираме ревизорски процедури соодветни на околностите, но не и за да изразиме мнение за ефикасноста на интерните контроли воспоставени во Организацијата. Ревизијата, исто така вклучува осврт на користените сметководствени принципи и значајните проценки направени од раководството, како и оценка на адекватноста на прикажувањето на информациите во финансиските извештаи.

Ние сме убедени дека ревизорските докази кои ги добивме се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мнение.

KPMG Macedonia Ltd, established under Macedonian law, is a member of KPMG International, a Swiss cooperative.

Registered in the Basic court Skopje 1 Skopje with decision No. T.reg. 3433/1999.

Tax No. MK4030996107850

KPMG



*Мнение*

Според наше мнение, финансиските извештаи реално и објективно ја прикажуваат финансиската состојба на Организацијата на 31 декември 2006 година како и нејзината финансиска успешност за годината тогаш завршена во согласност со Законот за сметководство на непрофитните организации.

Скопје, 17 јули 2007 година

ОВЛАСТЕН РЕВИЗОР НА РМ
Гордана Никушевска

КПМГ Македонија ДОО
ДИРЕКТОР
Ѓорѓи Чучук

## Биланс на приходи и расходи

За годината завршена на 31 декември

| *Во денари* | **Белешка** | **2006** | **2005** |
|---|---|---|---|
| Приходи од наменски донации | 1 | 4.335.683 | 6.601.843 |
| Приходи од ненаменски донации и само-финансирање | 2 | 2.532.366 | 827.071 |
| **Вкупно приходи** | | 6.868.049 | 7.428.914 |
| Расходи по проекти | 3 | 4.423.725 | 6.676.502 |
| Оперативни расходи | 4 | 1.990.412 | 1.490.598 |
| Амортизација | 5 | 350.600 | 287.471 |
| **Расходи** | | 6.764.737 | 8.454.571 |
| **Вишок/(дефицит) за годината** | | 103.312 | (1.025.657) |

Белешките на страните 3-11 се составен дел на овие финансиски извештаи.

## Биланс на состојба

На 31 декември

| *Во денари* | Белешка | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| Недвижности и опрема | 5 | 1.342.977 | 1.350.008 |
| **Вкупно долгорочни средства** | | 1.342.977 | 1.350.008 |
| Побарувања од купувачи и останати побарувања | 6 | 56.916 | 40.716 |
| Парични средства и паричен еквивалент | 7 | 444.161 | 7.650 |
| **Вкупно тековни средства** | | 501.077 | 48.366 |
| **Вкупна актива** | | 1.844.054 | 1.398.374 |
| **Пасива** | | | |
| Деловен фонд | 8 | 1.827.755 | 1.380.874 |
| **Вкупно деловен фонд** | | 1.827.755 | 1.380.874 |
| Обврски | | 16.299 | 17.500 |
| **Вкупно тековни обврски** | | 16.299 | 17.500 |
| **Вкупна пасива** | | 1.844.054 | 1.398.374 |

Белешките на страните 3 -11 се составен дел на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи прикажани на страниците од 1 до 11 беа одобрени од Колегиумот на Организацијата на 17 јули 2007 и во негово име беа потпишани од:

М-р Драги Змијанац
*Извршен директор*

ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ СКОПЈЕ * РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * МЕЃАШИ

## Белешки кон финансиските извештаи

Првата детска амбасада во светот Меѓаши ("Организацијата") е основана во Скопје, Република Македонија, на 29 април 1992 година. Организацијата е регистрирана како непрофитна организација во согласност со Законот за здруженија на граѓани и фондации и работи на национално ниво со средства добиени од разни донатори. Адресата на Организацијата е Коста Новаковиќ 22а, Скопје. Главните активности на Организацијата се однесуваат на заштита на детските права.

### Значајни сметководствени политики

### (а) Извештај за усогласеност

Финансиските извештаи на Организацијата се изготвени во согласност со Законот за сметководство за непрофитни оганизации.

### (б) Основа за изготвување на финансиските извештаи

Финансиските извештаи се прикажани во македонски денари ("денари"). Функционална валута на Организацијата е денарот. Финансиските извештаи се изготвени врз основа на сметководствените политики наведени подолу.

Сметководствените политики се применети конзистенто на сите периоди прикажани во овие финансиски извештаи.

### (в) Трансакции во странска валута

Деловните промени во странска валута се искажуваат според курсот важечки на денот на деловната промена. Монетарните средства и обврски искажани во странска валута на денот на известувањето се превреднуваат во денари според средниот курс важечки на денот на билансот на состојба, а печалбите и загубите произлезени според оваа основа се книжат во билансот на приходи и расходи.

Девизните средства со кои што работи Организацијата се Евра (EUR). Официјалниот курс важечки на 31 декември 2006 и 31 декември 2005 година беше како што следи:

| | **2006** | **2005** |
|---|---|---|
| | | **денари** |
| 1 EUR | 61,17 | 61,18 |
| 1 USD | 46,45 | 51,86 |

## Белешки кон финансиските извештаи

### Значајни сметководствени политики (продолжение)

### (г) Недвижности и опрема

***(i) Сопствени средства***

Недвижностите и опремата се прикажани според набавната вредност намалена за акумулираната амортизација.

Набавките на недвижностите и опремата во текот на годината од донации во пари се евидентираат како материјални средства и обврски спрема добавувачот, а истовремено и како трошок и зголемување на деловниот фонд.

Донациите во вид на недвижности и опрема се евидентираат како зголемување на средствата и на деловниот фонд.

***(ii) Амортизација***

Амортизацијата на недвижностите и опремата се обезбедува по пропорционална метода на начин да се отпише набавната вредност на средствата во текот на нивниот законски пропишан полезен век на траење. Користените годишни стапки на амортизација се како што следи:

| | **2006** | **2005** |
|---|---|---|
| | % | % |
| Мебел и опрема | 12-20 | 12-20 |

Амортизацијата на недвижностите и опремата набавени во готовина се евидентира како намалување на деловниот фонд и зголемување на акумулираната амортизација. Амортизацијата на недвижности и опрема донирани во натура се евидентира како расход за годината и зголемување на акумулираната амортизација.

На недвижностите и опремата не им се пресметува амортизација се до нивното ставање во употреба.

### (д) Побарувања од купувачи и останати побарувања

Побарувањата од купувачите и останатите побарувања се водат според набавна вредност.

### (ѓ) Парични средства и паричен еквивалент

Паричните средства и паричниот еквивалент се состојат од парични средства на жиро сметка и во благајна.

### (е) Обврски

Обврските се прикажани според набавна вредност.

## Белешки кон финансиските извештаи

### Значајни сметководствени политики (продолжение)

### (ж) Признавање на приходи

Приходите се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале според критериумот на мерливост и расположивост. Приходите се мерливи кога може да се искажат вредносно. Приходите се расположиви кога се остварени (наплатени) во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.

### (з) Расходи

Расходите се признаваат во пресметковниот период во кој настанале или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период доколку обврската за плаќање настанала во пресметковниот период.

### (ѕ) Данок на добивка

Данокот на добивка е очекуваната даночна обврска за оданочивиот вишок за годината, применувајќи ја важечката даночна стапка на денот на билансот на состојба. Организацијата е непрофитна организација и не е подложна на данок од добивка.

## Белешки кон финансиските извештаи

### 1. Приходи од наменски донации

| *Во денари* | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| Македонски центар за меѓународна соработка | 1.992.367 | 989.876 |
| Меѓународна агенција за развој (ИДА) | 1.036.640 | 241.539 |
| Комисија на Европската Унија | 550.203 | 2.214.067 |
| Бизнис фирми за SOS | 259.500 | 122.800 |
| Австралиска Амбасада | 188.516 | 179.493 |
| South African Democratic Teachers | 151.791 | - |
| Министерство за труд и социјална политика | 116.666 | 1.627.200 |
| Агенција за млади и спорт | 40.000 | 80.000 |
| Бизнис фирми за EIDHR | - | 531.863 |
| Child Helpline International | - | 276.165 |
| OXFAM | - | 181.893 |
| Глобален марш против детски труд | | 92.256 |
| Балканска фондација за деца и млади | - | 64.691 |
| | 4.335.683 | 6.601.843 |

### 2. Приходи од ненаменски донации и само-финансирање

| *Во денари* | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| Донации од вработените | 592.025 | 334.327 |
| Дипломатски кор | 463.530 | 77.452 |
| ISPCC Street - Ирска | 368.280 | - |
| Влада на Република Македонија | 250.000 | 150.000 |
| Продажба на честитки | 245.770 | 119.099 |
| Донации од граѓани во касички | 124.113 | - |
| South African Democratic Teachers | 110.467 | - |
| Министерство за култура | 100.000 | - |
| Југореклам | 98.115 | - |
| Донации на телефонски број Космофон | 66.450 | - |
| Членарини во детски работилници | 30.000 | 14.050 |
| Македонски телекомуникации | - | 62.000 |
| Приходи од наплатени премии | - | 53.244 |
| Останато | 83.616 | 16.899 |
| | 2.532.366 | 827.071 |

## Белешки кон финансиските извештаи

### 3. Расходи по проекти

| *Во денари* | **2006** | **2005** |
|---|---|---|
| Психосоцијална и едукациска поддршка на децата без родители | 1.108.338 | 58.308 |
| Програма за развој и консолидација на Меѓаши | 726.527 | 818.832 |
| СОС телефон | 686.698 | 1.105.187 |
| Внатрешно раселени лица | 395.616 | 1.068.314 |
| Другарување низ мултиетничка соработка (EIDHR) | 365.972 | 2.867.331 |
| Global action week (GAW) | 343.359 | 339.210 |
| Детски работилници | 238.160 | 419.320 |
| Граѓанска платформа на Македонија (ГПМ) | 202.507 | - |
| Балканска мрежа за развој на граѓанското општество (БНТ) | 184.518 | - |
| Позитивни примери | 104.359 | - |
| Промоција на волонтерство | 67.671 | - |
| | 4.423.725 | 6.676.502 |

Главни проектни активности имплементирани од страна на Организацијата во текот на 2006 и 2005 година се следните:

Психосоцијална и едукациска поддршка на децата без родители е проект кој опфаќа активности како работилници за компјутери, англиски јазик, кулинарство, индивидуално и групно советување со младинците кои излегуваат од домот за деца без родители по навршување на полнолетството. Проектот има за цел поддршка и зајакнување на можноста за самостоен живот на младите. Проектот е обезбеден преку Проектот за Равој на Општините финансиран од кредит на Меѓународата Агенција за Развој (ИДА);

СОС телефон за деца и млади е прв бесплатен телефон за деца и млади во Република Македонија и функционира од 1993 година. Во текот на 2006 година проектот е финансиран од Стопанска Банка АД Скопје, Агенција за млади и спорт и Пексим Компјутери. Во текот на 2005 година проектот е финансиран од Child Helpline International, Балканска фондација за деца и млади, Холандска Амбасада, Агенција за Млади и спорт и неколку претпријатија. Во јуни 2005 СОС телефонот за деца и млади добива бесплатна линија 0800 1 2222 со што се овозможува СОС телефонот да биде подостапен за децата и младите, особено за оние од пониските социјални слоеви. Јавувањата најчесто се поврзани со проблеми во семејството и проблеми поврзани со насилство од различен тип (сексуална злоупотреба, психичко и физичко малтретирање, злоупотреба на детскиот труд). Тимот на волонтери на СОС телефон е составен од студенти, дипломирани психолози, социјални работници, социолози и педагози. Од 2004 година СОС телефонот за деца и млади е член на Child Helpline International;

## Белешки кон финансиските извештаи

### 3. Расходи по проекти (продолжение)

Внатрешно раселени лица - Прифатилиште за деца во кризна состојба. Од јуни 2001 година згрижени се 16 раселени лица од с. Арачиново, од кои 8 се деца, со финансиска поддршка од Министерството за труд и социјална политика. Со донесување на заклучокот на Владата на Република Македонија од 18-тата седница во 2005 година на внатрешно раселените лица од септември 2005 година им престанува статусот на внатрешно раселени лица. И покрај одлуката на владата овие лица остануваат во прифатилиштето на Организацијата до завршување на изградбата на новите живеалишта во околината на Скопје. Во текот на 2006 година лицата се преселуваат во своите нови домови;

Другарување низ мултиетничка соработка во пет мултиетнички клубови во средни училишта во Скопје, Тетово и Куманово (EIDHR проект) е проект реализиран во периодот јануари - декември 2005. Главна цел на проектот беше развивање на меѓуетнички дијалог и подобрување на соработка меѓу наставници и средношколци од различно етничко потекло. Проектот е финансиран од Европската унија преку Европската комисија, Македонскиот Центар за Меѓународна Соработка, Мермерен Комбинат - Прилеп, Интраком - Скопје и г-дин Антонио Дилето Амбасадор на ПДАС Меѓаши во Италија и Швајцарија.

Глобална седмица за акција - Кампања за вклучување на сите деца во училиште е организирана со цел да се подигне јавната свест за фактот дека над 18.000 деца во Република Македонија не одат на училиште од различни причини и да се превземат чекори за намалување на оваа бројка. Во 2006 година кампањата е финансирана од донација на South African Democratic Teachers а во 2005 година кампањата е финансирана од донација на OXFAM;

Детските работилници се една од првите активности на Организацијата и претставуваат можност децата од различна етничка припадност и со различен економски статус, заедно дружејќи се, преку најразлични активности да ја изразат својата креативност. Во текот на 2006 и 2005 година се имплементирани детски работилници за: ликовно творење, компјутерски работилници, англиски јазик, албански јазик, германски јазик, француски јазик, оригами, едукација за човекови вредности, астрономија, еколошка работилница, спортска работилница и театарска работилница. Проектот е финансиран од Австралиската амбасада;

Граѓанска платформа на Македонија (ГПМ) - Организацијата е членка на ГПМ. Активностите предвидени во програмата за работа на ГПМ се насочени кон: подобрување на комуникацијата, координацијата и соработката на граѓанскиот сектор, развој на домашен систем на поддршка; воспоставување на граѓански сектор кој работи со највисоки етички стандарди на одговорност и транспарентност. Во рамки на програмата на ГПМ Организацијата е координатор на програмата за дијалог и соработка со граѓански организации, влада, бизнис сектор, медиуми и пошироката јавност. Средствата за финансирање на улогата на координатор се обезбедени од Македонски центар за меѓународна соработка.

## Белешки кон финансиските извештаи

### 3. Расходи по проекти (продолжение)

Покрај координацијата Организацијата е имплементатор на проектот „Промоција на позитивни примери" кој има за цел да ја подобри видливоста на резултатите од работата на граѓанските организации преку публикување на нивните најуспешни активности и на проектот „Промоција на волонтерство" чија цел е да се промовира и мотивира поширокото граѓанско учество и поддршка на граѓанските организации преку зајакнување на волонтеризмот. Проектите се финансирани од Македонски центар за меѓународна соработка.

Освен погоре наведените активности Организацијата ги реализираше своите редовни активности како што се: правно застапување и лобирање, социјално-хуманитарна помош, издавање публикации, учество на меѓународни семинари, обуки и конференции.

### 4. Оперативни расходи

| *Во денари* | **2006** | **2005** |
|---|---|---|
| *Расходи според природа* | | |
| Интелектуални услуги | 506.744 | 326.554 |
| Плати и надоместоци | 366.000 | 516.665 |
| Материјални трошоци | 269.455 | 22.419 |
| Транспортни услуги | 213.420 | 111.238 |
| Трошоци за одржување | 80.509 | 161.292 |
| Трошоци за службени патувања | 77.737 | 98.534 |
| Закупнини | 68.238 | - |
| Репрезентација | 66.083 | 13.227 |
| Надоместоци и издатоци на вработените | 60.032 | 4.795 |
| Членарини | 48.973 | 13.120 |
| Трошоци за осигурување | 47.844 | 47.773 |
| Потрошена енергија | 20.100 | 3.531 |
| Банкарски провизии | 18.028 | 7.592 |
| Недвижности и опрема | - | 111.533 |
| Останато | 147.249 | 53.325 |
| | 1.990.412 | 1.490.598 |

Недвижности и опрема во износ од 111.533 денари во 2005 година претставуваат недвижности и опрема набавени од страна на Организацијата од донации добиени во пари и согласно сметководствената политика за недвижности и опрема се признаваат во периодот во кој настанале како оперативни расходи.

## Белешки кон финансиските извештаи

### 5. Недвижности и опрема

| *Во денари* | **Мебел и опрема** |
|---|---|
| ***Набавна вредност*** | |
| На 1 јануари 2005 | 3.159.589 |
| Зголемувања | 111.533 |
| Отпис | (264.542) |
| На 31 декември 2005 | 3.006.580 |
| | |
| На 1 јануари 2006 | 3.006.580 |
| Зголемувања | 459.123 |
| На 31 декември 2006 | 3.465.703 |
| | |
| ***Исправка на вредноста*** | |
| На 1 јануари 2005 | 1.527.721 |
| Амортизација на донирани недвижности и опрема | 287.471 |
| Амортизација на недвижности и опрема купени со парични средства | 105.922 |
| Отпис | (264.542) |
| На 31 декември 2005 | 1.656.572 |
| | |
| На 1 јануари 2006 | 1.656.572 |
| Амортизација на донирани недвижности и опрема | 350.600 |
| Амортизација на недвижности и опрема купени со парични средства | 115.554 |
| На 31 декември 2006 | 2.122.726 |
| | |
| ***Неотпишана вредност*** | |
| На 1 јануари 2005 | 1.631.868 |
| На 31 декември 2005 | 1.350.008 |
| | |
| На 1 јануари 2006 | 1.350.008 |
| На 31 декември 2006 | 1.342.977 |

На 31 декември 2006 сегашната вредност на недвижностите и опремата платени во готовина изнесува МКД 302.143 (2005: МКД 407.937) и сегашната вредност на недвижностите и опремата донирани во натура од донатори изнесува МКД 1.040.834 (2005: МКД 942.071).

## Белешки кон финансиските извештаи

### 6. Побарувања од купувачи и останати побарувања

| *Во денари* | **2006** | **2005** |
|---|---|---|
| Побарувања од купувачи | 25.000 | 11.800 |
| Побарувања за дадени аванси | 31.916 | 6.470 |
| Побарувања од Министерство за труд и социјална политика | - | 10.000 |
| Побарувања за данок на додадена вредност | - | 12.446 |
| | 56.916 | 40.716 |

### 7. Парични средства и паричен еквивалент

| *Во денари* | **2006** | **2005** |
|---|---|---|
| Парични средства во банка | 441.193 | 6.940 |
| Благајна | 2.968 | 710 |
| | 444.161 | 7.650 |

### 8. Деловен фонд

| *Во денари* | **Деловен Фонд** |
|---|---|
| На 1 јануари 2005 | 2.400.920 |
| Зголемување на недвижности и опрема добиени во натура | 111.533 |
| Амортизација за годината на недвижности и опрема добиени во натура | (105.922) |
| Дефицит за годината | (1.025.657) |
| На 31 декември 2005 | 1.380.874 |
| | |
| На 1 јануари 2006 | 1.380.874 |
| Зголемување на недвижности и опрема добиени во натура | 459.123 |
| Амортизација за годината на недвижности и опрема добиени во натура | (115.554) |
| Вишок за годината | 103.312 |
| На 31 декември 2006 | 1.827.755 |

### 9. Последователни настани

По датумот на составување на билансот не се случиле настани од материјално значење, кои треба да се прикажат во финансиските извештаи.